## 8. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупниот буџет на Агенцијата за администрација во 2016 година изнесуваше 44.339.000,00 денари. Од вкупниот износ на предвидени средства најголем дел, односно 68,84 % беа наменети за плати и надоместоци, 18,60 % за стоки и услуги, 0,10 % за субвенции и трансфери и 12,46 % за капитални расходи.

Предвидените средства на Агенцијата од Буџетот за 2016 година беа распределени на следната програма:

Програма 2
Потпрограма 20
Администрација

| Категорија | Опис | Расходи од буџет |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 30.523.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 8.246.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 44.000 |
| 48 | Капитални расходи | 5.526.000 |
| | **Вкупно:** | **44.339.000** |

Од вкупно распределените средства во Буџетот на Агенцијата, реализирани беа 90,40 %.

Трошењето на буџетските средства во 2016 година беше усогласено со реализација на утврдените програми, цели и активности содржани во Програмата за работа на Агенцијата за администрација во 2016 година, како и со Стратешкиот план на Агенцијата за администрација (2016-2018 година).

Конкретно, за поддршка на програмите утврдени во овој Стратешки план потрошени беа вкупно 5.069.650,00 денари за јавни набавки кои се однесуваат на надградба на апликацијата за спроведување на испит за административно управување; надградба на апликацијата за спроведување на постапка за селекција и за вработени во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници; набавка на радио блокатор; надградба на софтверско решение за спроведување на постапка на селекција за вработување на административен службеник; набавка на ИКТ опрема; набавка на софтвер за електронско поднесување на налози за плаќање на Агенцијата во Министерството за финансии - Сектор Трезор; набавка на мебел; генеричка обука за вработените во Агенцијата на тема „Работа под стрес" и друго.

Сите погоренаведени јавни набавки ќе овозможат екипираност и подготвеност на Агенцијата за навремена, непречена и ефикасна реализација на нејзините надлежности.